Архивски број: 08-356/4
22-08-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-356 од 27.06.2022 поднесена од [redacted] од с. [redacted] Општина Крушево со [redacted], преку полномошник [redacted] од Скопје со седиште [redacted]– Скопје, против АД ЕСМ – Подружница РЕК Битола с. Новаци б.б за извршена директна дискриминација врз основ на лично својство во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 16.08.2022 го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на лично својство во областа на работата и работните односи од страна на АД ЕСМ – Подружница РЕК Битола, кон [redacted] од [redacted], Општина Крушево.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-356 од 27.06.2022 година, од [redacted] од [redacted] Општина Крушево преку полномошник [redacted] од Скопје, против АД ЕСМ – Подружница РЕК Битола, за сторена дискриминација врз основ на лично својство во областа работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, Комисијата утврди дека тврдењето за сторена директна дискриминација врз основ на лично својство е веројатно, со што согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката. На 26.07.2022, Комисијата согласно член 24, став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави известување до АД ЕСМ – Подружница РЕК Битола, со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:

[redacted]
АД ЕСМ – Подружница РЕК Битола с. Новаци б.б
Комисија за спречување и заштита од дискриминација бул. Даме Груев бр. 1 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk